РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И
СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
Бр 08-360 / 10
25.01.2019 20 год

Врз основа на член 213-г од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), Министерството за труд и социјална политика, го донесе следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 08-360/10
25-01-2019 год.
СКОПЈЕ

## РЕШЕНИЕ
### за утврдување на репрезентативност на синдикат на ниво на гранка, односно оддел

1. Се утврдува репрезентативност на Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (скратен назив „СОНК") на ниво на гранка, односно оддел „Образование".
2. Репрезентативноста на синдикатот се утврдува за временски период од три години, од денот на донесувањето на ова решение.
3. Ова решение ќе се објави во („Службен весник на Република Македонија").

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија, со седиште на бул. „Кочо Рацин" бр. 75г, Скопје, на ден 10.01.2019 година до Комисијата за утврдување на репрезентативност (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесе барање бр. 08-360/1 за утврдување на репрезентативност на синдикат на ниво на гранка, односно оддел „Образование".

Кон барањето приложени се и докази за исполнување на условите за репрезентативност, согласно член 213-в, а во врска со член 212 став (4) од Законот за работните односи.

Комисијата на седница одржана на ден 22.01.2019 година, по разгледување на барањето и приложената документација, утврди дека подносителот ги исполнува условите за утврдување на репрезентативност согласно член 212 став (4) од Законот за работните односи и даде Предлог бр. 08-360/6 за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел „Образование" согласно Националната класификација на дејности Рев.2 („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 4/13).

Имено, Комисијата утврдила дека вкупниот број на вработени во одделот „Образование" согласно податоците од Државниот завод за статистика на Република Македонија, Макстат база, Пазар на труд, Плати, Вработени во Република Македонија според сектори и оддели на дејности по НКД Рев.2, по пол, по години, за 2017 година изнесува 39 292 вработени. Согласно приложените списоци на СОНК, бројот на членови кои плаќаат членарина во одделот

Образование, изнесува 22 695 вработени односно 57,75% од вкупниот број на вработени на ниво на гранка, односно оддел.

Во согласност со горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 08-360/10
25-01-2019 година
Скопје

МИНИСТЕР
Мила Царовска

Изработил: Горан Нешевски
Одобрил: Мирјанка Алексевска
Согласен: Миле Стојановски